Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar Примено Received | 17.12.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. Орг.Един. Org.unit | Numer Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlera Вредност Value |
| 03 | 3341/3 | 0 | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 03-959/4
14.12.2021 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 25 седница одржана на 10.11.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Јавна администрација", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), на Факултет за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа**

1. Се акредитира студиската програма „Јавна администрација", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), на Факултет за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер по јавна администрација /во меѓународен промет академски назив: Master of Public Administration.

4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки.
Научно – истражувачко поле: 509 - Јавна управа и администрација.
Научно – истражувачка област: 50901 - Јавна управа, 50902 - Јавни служби, 50903 - Друго.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 30 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

[1] 03-3341/3 [2021]

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 08-1963/5 од 16.07.2021година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Јавна администрација“, втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), на Факултет за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.03 - 3341/2 од 06.10.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 23-та седницата одржана на 19.10.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 959/3 од 15.11.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 25-та седница одржана на 10.11.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar Примено Received | 04.05.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. Орг.Един. Org.unit | Numer Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlera Вредност Value |
| 03 | 1332/1 | 0 | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-360/6
28 04 2022 год.-viti

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 25 седница одржана на 10.11.2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Јавна администрација", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа**

1. Се акредитира студиската програма „Јавна администрација", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер по јавна администрација /во меѓународен промет академски студии назив: Master of public administration.

4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки
Научно – истражувачко поле: 509 Јавна управа и администрација
Научно – истражувачка област: 50901 Јавна управа, 50902 Јавни служби, 50903 Друго.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 30 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

[1] 03-1332/1 [2022]

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 08- 1963/5 од 16.07.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Јавна администрација", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.03-3343/2 од 06.10.2021 година (наш бр. 08 - 960/1 од 07.10.2021 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 23-та седницата одржана на 19.10.2021 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 960/3 од 15.11.2021 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 25 - та седница одржана на 10.11.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова